РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Бр. 02-99/4
Скопје, 13.10.2026 година

ЗАПИСНИК
од педесет и трета седница одржана на 13.10.2026 година

Присутни:
г-дин м-р Башким Бесими – Претседател
г-ѓа Марјана Илиеска – Заменик претседател
г-дин Фатих Алиу -член
г-дин Ардиан Демири -член
г-ѓа Душица Димитриеска –член
г-дин Ермон Незири - член
г-ѓа м-р Кети Петкова-член
г-ѓа Зорица Павловиќ –член
г-дин м-р Ненад Савески - член
г-ѓа Светлана Стојковиќ –член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-дин Башким Бесими констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на педесет и третата седница на Советот, по што го предложи следниот:

Дневен ред

1. Претставување на пријавените кандидати за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје
   - **Фатон Азизи** – јавен обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје
   - **Трајче Пеливанов** – јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје
   - **Лидија Раичевиќ** – јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје
   - **Искра Хаџи Василева** — јавен обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција –Скопје

- **Јован Цветановски** – јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје

2. Разно

Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Пред да се помине на точка еден од дневниот ред Претседатрелот на Советот г-дин Башким Бесими кажа станува збор за функција со особено значење за ефикасно гонење на организираниот криминал и корупција, за јакнењето на владеењето на правото и за заштита на јавниот интерес. Наведе дека од избраниот кандидат се очекува високи професионални и етички стандарди, интегритет, самостојност и непристрасност во постапувањето, како и способност за организирање и раководење со работата на јавното обвинителство. Кажа дека особено значајни се ефикасното постапување по предметите, правилното користење на расположливите ресурси и унапредувањето на соработката со надлежните институции, во рамките на законските овластувања. Кажа дека согласно законската постапка за избор на Основен јавен обвинител на ОЈО ГОКК-Скопје, во изборот учествуваат сите јавни обвинители во Република Северна Македонија, кои гласаат за пријавените кандидати. Истакна дека изборот се спроведува на начин и под услови утврдени со закон. Воедно кажа дека во продолжение ќе се помине кон претставување на кандидатите, при што секој од нив ќе има можност да ја изложи својата професионална биографија, досегашното искуство, визијата за работата и развојот на обвинителството, како и приоритетите и плановите за унапредување на неговото работење. Кажа дека на денешната седница ќе се претстават кандидатите: Фатон Азизи, Трајче Пеливанов, Лидија Раичевиќ, Искра Хаџи Василева и Јован Цветановски. Истакна дека сите кандитати позитивно се оценети за својата работа.

Под точка еден од дневниот ред прв се престави кандидатот г-дин Фатон Азизи-јавен обвинител во ОЈО ГОКК-Скопје. Кажа дека за јавен обвинител во ОЈО Скопје бил избран во 2019 година и дека е кандидат од 6-та генерација на АСЈО, а од 2024 година е јавен обвинител во ОЈО ГОКК-Скопје. Воедно пред членовите на Советот ја престави својата програма и приоритетите кои би ги вовел доколку биде избран за Основен јавен обвинител на ОЈО ГОКК-Скопје, а кои се однесуваат на подобрувањето на состојбата со истражниот центар во делот на зајакнување на човечките ресурси со зголемување на бројката на форензичари во делот на економскиот криминал, во делот на информатиката како и во делот на гонење на дрога и оружје. Кажа дека би вовел принцип на јавен обвинител со сопствен тим. Како втор приоритет наведе дека е проактивно вклучување во предметите кои што од страна на меѓународните партнери се објавени во вид на црни листи, борба против перењето на парите посебно во делот на градежништвото како и крипто валутите, борба против тероризмот и зајакнување на соработката со МВР, УЈП, Царинската управа, Министерството за финансии како и со другите државни органи. Воедно бара подршка од страна на колегите и смета дека може позитивно да одговори на функцијата Основен јавен обвинител на ОЈО ГОКК-Скопје.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими му се заблагодари за исцрпното излагање и преставување на програмата на јавниот обвинител Фатон Азизи и воедно отвори дискусија.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Ненад Савески му честита на кандидатурата на јавниот обвинител Фатон Азизи, кажа дека програмата е обемна и добро изготвена. Воедно постави прашање кога јавниот обвинител би се соочил со ситуација каде неговиот став би се разликувал со ставот јавниот обвинител во ОЈО ГОКК , како сето тоа би било изменацирано.

Јавниот обвинител Фатон Азизи кажа како постапувал досега како јавен обвинител спрема претпоставен јавен обвинител, дека секогаш го искажувал својот став поткрепен со аргументи и докази. Кажа дека не секогаш се има ист став но смета дека како раководител на институцијата е должен на јавниот обвинител да му овозможи тим и стандарди за да може да обезбеди доволно докази. Кажа дека мислењето на предметниот јавен обвинител и неговиот збор ќе бидат тие кои што ќе одлучуваат за неговото постапување по предметот.

Членот на Советот г-дин Ермон Незири кажа дека како Претседател на Комисијата која го спроведува изборот на ОЈО на ОЈО ГОКК-Скопје, било договорено со јавниот обвинител на РСМ, само тој да поставува прашања на кандидатите за ОЈО на ОЈО ГОКК-Скопје, а Советот да остане на страна од причина што се работи за непосредни избори и ова претставување е согласно Деловникот на Советот, за да јавните обвинители во РСМ и јавноста имаат претстава за јавниот обвинител кој конкурира за ОЈО на ОЈО ГОКК-Скопје.

Како втор кандидат за ОЈО на ОЈО ГОКК-Скопје се претстави јавниот обвинител во ВЈО Скопје г-дин Трајче Пеливанов. Кажа дека скоро три децении работи во судството, за јавен обвинител во ОЈО Скопје е избран во 2009 година, по завршувањето на обуката од страна на АСЈО. Кажа дека во период од 2015-2019 година ја извршувал јавнообвинителската функцијата во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите (СЈО), а од месец Април 2021 година бил избран за јавен обвинител во ОЈО ГОКК, воедно кажа дека еден период непосредно и раководел со ова јавно обвинителство и воедно бил и заменик на ОЈО на ОЈО ГОКК. Пред членовите на Советот ја престави Програмата со сите приоритети за кои лично смета дека се потребни за да се подобрат состојбите во ова јавно обвинителство, а тоа се зајакнување на капацитетите во истражниот центар, вложување и инвестирање во човечките ресурси, борба против организираниот криминал, високата корупција, организираните групи, перењето на пари, злоупотребите поврзани со јавните набавки, предметите со меѓународна соработка и секако подобра координација со надлежните институции. Верува дека при изборот јавните обвинители ќе се темелат врз основа на стручноста, интегритетот и професионалното работење и способноста да се презема функцијата ОЈО на ОЈО ГОКК. Воедно кажа дека не се потребен само раководител кој ќе раководи со институцијата, туку раководител кој што ја разбира институцијата, кој ќе ги почитува луѓето кои работат во таа институција и ќе биде подготвен да превземе одговорност за резултаите на институцијата.

Откако заврши со своето излагање кандидатот г-дин Трајче Пеливанов , Јавниот обвинител на РСМ г-дин Ненад Савески му посака успех при изборот за ОЈО на ОЈО ГОКК. Од самото излагање кажа дека му се допаѓа користењето на терминот независно постапување на јавните обвинители. Постави прашање со оглед на богатото искуство во правосудството дали се има соочено со ситуација и предизвик кој го смета за погрешен во релација со претпоставените.

Г-дин Трајче Пеливанов во однос на спротивставените ставови и размислувања со претпоставен јавен обвинител кажа дека се нашол повеќе пати во таква ситуација, дека имало дилеми. Кажа дека секогаш се трудел да го наметне својот став и мислење подржано со аргументи и своја анализа на доказите, со цитирање

на законски одредби и секогаш имал разбирање од страна на претпоставениот јавен обвинител.

Како трет кандидат се претстави јавниот обвинител во ОЈО Скопје г-ѓа Лидија Раичевиќ. Кажа дека Законот за Советот на јавните обвинители во член 9 ја дава за прв пат можноста да се претстават кандидатите за ОЈО на ОЈО ГОКК.Воедно кажа дека овој процес кој за прв пат е организиран од страна на Советот заслужува пофалба но смета дека не е доволно доработен и не се знае како тоа кандидатите се претставуваат и дали денешното претставување би било сосема доволно за да избирачот биде убеден при давањето на својот глас дали гласа за вистинскиот кандидат. Исто така кажа дека овој закон не содржи обврска кандидатите да излегуваат со свои програми од причина кога се бира републички јавен обвинител каде има конкурирано, во програмата се дава димензија како треба да се организира јавното обвинителство, каква промена треба да има итн. За оваа функција ОЈО на ОЈО ГОКК кажа дека е тесно стручна и дека е дел од самото јавно обвинителство. Кажа дека ја нуди својата стручност во делот на откривање на кривични дела за што смета дека функцијата јавен обвинител ја има запоставено и се смета дека јавниот обвинител треба само да гони. Кажа дека јавниот обвинител треба да ја знае структурата на криминалот во државата во сите сфери. Наведе дека сите програми каде се наведува дигитализација , зголемување на плати, кадровски решенија итн. Смета дека јавниот обвинител што треба да испорача е квалитет и строга ,правична јавнообвинителска работа и дека лично тоа го нуди.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Ненад Савески и честита на кандидатурата и посака успех. Постави прашање во однос на следењето на современите трендови и стандарди и што би преземала во однос на модернизирање на ова јавно обвинителство за кое претендира да раководи со истото.

Г-ѓа Лидија Раичевиќ во делот на модернизацијата и модерните текови кажа дека може многу да се зборува и дека ја следи состојбата со јавните обвинителства во Црна Гора, Австрија и Хрватска каде судовите, јавните обвинителства штрајкуваат, бидејќи немаат доволно стручни соработници и стручен персонал. Кажа дека посебна техника освен во Велика Британија нема. Кажа дека модернизацијата на институцијата е корисна, но базата е постигнување на два квалитета и тоа да не остане неоткриен криминал и што е можно повеќе да се испочитуваат правата на луѓето и усовршување на јавните обвинители.

Како четврта се претстави кандидатот г-ѓа Искра Хаџи Василева – јавен обвинител во ОЈО ГОКК-Скопје. Ја претстави својата биографија, кажа дека во 2013 година станала кандидат за јавен обвинител со завршена АСЈО 5-та генерација и 2016 година е избрана за јавен обвинител во ОЈО Скопје. Моментално функцијата јавен обвинител ја извршува во ОЈО ГОКК-Скопје. Воедно пред членовите на Советот ги претстави најважните аспекти на својата програма на кои има намера да се посвети во четиригодишниот мандат доколку биде избрана за ОЈО на ОЈО ГОКК-Скопје. Кажа дека програмата се темели на четири главни солба и тоа Ефикасност и ажурност на постапувањето, Финансиски истраги и конфискација на имот, Зајакнување на капацитетите и дигитализација како и Транспарентност и јавна доверба. Во делот на Ефикасност и ажурност на постапувањето кажа дека ќе посвети внимание на организацијата на работата на ОЈО ГОКК, Истражниот центар во тоа јавно обвинителство, соработката со другите органи, меѓународната соработка и заеднички истражни тимови како и дополнително заложување на иструментот спогодување. Во делот Финансиските истраги кажа дека ќе се фокусира на борбата против корупцијата, јакнењето на капацитетите за финансиска истрага, и лоцирање и конфискација на незаконски

стекнат имот. Во делот на Зајакнување на капацитетите и дигитализацијата кажа дека ќе посвето внимание на кадровското екипирање и усовршување на јавните обвинители, инвестирање во опрема која е неопходна за ефикасност на истражните дејствија, дигитализација систем кој ќе ја олесни и зголеми ефикасноста на работењето на ОЈО ГОКК како и концептот на примена на ВИ (вештачката интелигенција). Во делот на транспарентноста и јавната доверба кажа дека ќе се осврне на принципите на отвореност и отчетност и јавноста на работата преку медиумите граѓаните ќе се информираат за работењето на ОЈО ГОКК за предметите по кои се постапува.

Откако заврши со излагањето, Јавниот обвинител на РСМ г-дин Ненад Савески кажа дека тоа што во моментот кандидатот е јавен обвинител во ОЈО ГОКК е предност и дека има целосен увид во работата на ова јавно обвоинителство. Даде пофалба во делот на дигитализацијата и транспарентноста како принципи на кои се планира да се базира јавното обвинителство доколку биде избрана за ОЈО на ОЈО ГОКК. Воедно постави прашање од менеџерска природа и тоа доколку биде избрана за ОЈО на ОЈО ГОКК и се соочи со ситуација каде што еден од јавните обвинители во ОЈО ГОКК, стагнира во својата работа и со тоа не покажува соодветни резултати како би пристапила кон тој јавен обвинител, а со цел да се надмине целокупната состојба.

Јавниот обвинител г-ѓа Искра Хаџи Василева кажа дека јавните обвинители се соочуваат со секакви предизвици. Истакна дека генерално сака повеќе да пристапува конструктивно во насока проблемот да се реши, отколку да се оди со било какви потврди и решенија за казнување на јавниот обвинител. Пред се пристапот би бил човечки, колегијален , а се со цел да си надмине настанатата ситуација. Смета дека со ваквиот пристап најмногу ќе се постигнат посакуваните резултати во работењето.

Како петти кандидат се престави јавниот обвинител во ВЈО Скопје г-дин Јован Цветановски. Кажа дека за 27 години во јавнообвинителската работа ги има искачено сите скалила и сето тоа му дало потик и мотив за да конкурира за ОЈО на ОЈО ГОКК. Истакна дека програмата ја има доставено до Советот и воедно се осврна на приоритетите и целите доколку биде избран за ОЈО на ОЈО ГОКК за периодот од 2026-2030 година, а се однесува на намалување на бројот на стари и нерешени предмети, замрзнување на имот во раната фаза на кривичната постапка, зајакнување на истражниот центар, начинот и постапката при изборот на полициските службеници, вработување на форензичари од повеќе области, подобрување на транспарентноста за работата на ОЈО ГОКК. Ефикасна соработка со институциите како што се Царинска управа, МВР и Финансиската полиција преку формирање на заеднички тимови, дигитализација на доказниот материјал и сигурна размена на податоци, финансиски истраги кои што ќе започнуваат истовремено со кривичните истраги, конфискација на имот и мониторинг врз предметите по кои се постапува. Во делот на меѓународната соработка кажа дека се наметнува како потреба да се има специализирани обуки во делот на форензиката, крипто валути, финансиски измами итн. Воедно кажа сето тоа да небиде само на лист хартија, во планот и програмата се предвидени и рокови и тоа во првите 30 дена да има попис на стари предмети, процена на кадар и технички потреби за истражниот центар , утврдување на критериуми за квалитетно постапување. Во наредните три месеци воведување на процедури , паралелни финансиски истраги , кадровско екипирање, воведување на дигитален систем со проценка на ризици за безбедност. Исто така наведе што ќе превземе во наредните 3-6 месеци, како и за период од 6-12 месец. Воедно кажа дека планот и програмата ќе бидат објавени на веб страницата на Советот.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Ненад Савески му честита на кандидатурата на јавниот обвинител г-дин Јован Цветановски. Во делот на презентирањето на планот и програмата кажа дека јавниот обвинител би се залагал за дигитализација, транспарентност и отчетност на ОЈО ГОКК. Исто така кажа дека му оставило впечаток во однос на мерките за обезбедување на присуство да се имплементираат во работата оние стандарди кои што се утврдени со праксата на судот во Стразбург и тука е битна политиката на јавниот обвинител кој што ќе раководи со ОЈО ГОКК. Воедно како прашање постави, а тоа е доколку би се нашол во ситуација различни ставови како шеф на ова обвинителство со ставот на некоја јавнообвинителска одлука на јавен обвинител во ОЈО ГОКК, како би го решила настаната ситуација помеѓу позиција на раководител и јавен обвинител во ОЈО ГОКК.

Јавниот обвинител Јован Цветановски кажа дека во неговото работење сите години наназад каде бил на позиција и како раководител имало различни мислења помеѓу него и раководителот на јавното обвинителство. Кажа дека неговиот став секогаш бил дека предметот мора да се диктира со докази, а не со мислење. Личен став е дека секој настанат проблем би се решил со разговор и соработка.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими му се заблагодари на кандидатот Јован Цветановски и воедно даде 10 минутна пауза.

По завршувањето на паузата под точка разно од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ги извести членовите на Советот за добиеното известување од страна на Основниот кривичен суд Скопје, КОКПП бр.759/26 од 07.10.2026 година, во врска со Вишиот јавен обвинител на ВЈО Битола, воедно отвори расправа под оваа точка од дневниот ред. Оттkако никој не зема збор Претседателот на Советот ги извести членовите на Советот за превземените мерки од страна на Кривичниот суд. Поради тоа предложи Одлуката бр. 02-96/3 донесена од страна на Советот на одржаната седница на 01.10.2026 година да биде ставена ВОН СИЛА. Предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе Одлука со која Одлуката бр. 02-96/3 донесена на седница на Советот на ден 01.10.2026 година се става ВОН СИЛА .

Под истата точка од дневниот ред Претседателот на Советот предложи Советот да донесе одлука за поставување на ВД Виш јавен обвинител на ВЈО Битола и воедно го предложи јавениот обвинител Антонио Јолевски. Предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе Одлука со која јавниот обвинител Антонио Јолевски ќе ја извршува функцијата ВД Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Битола до избор на ВЈО на ВЈО Битола не подолго од шест месеци.

Под истата точка од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ги извести членовите на Советот дека на јавниот обвинител во ОЈО Струга г-дин Џемал Лога му престанува функцијата јавен обвинител од 08.10.2026 година поради смрт.

Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе Одлука со која на јавниот обвинител Џемал Лога во Основното јавно обвинителство Струга му се утврдува престанок на функцијата јавен обвинител поради смрт од 08.10.2026 година.

Откако никој не зема збор претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја заклучи педесет и третата седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Башким Бесими